**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 76-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Силвана Бонева, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Славица Грковска, Илија Китановски, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Данаил Дончев, Фијат Цаноски, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, Агрон Буџаку и Фазли Велију ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по петтата точка од дневниот ред.

**Предлог за донесување на закон за електронска трговија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџов**: Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници.

Во Република Македонија веќе постојат модели на електронска трговија кои се применуваат во мал обем без дефинирани услови за безбедност, сигурност на корисниците. Со оглед на глобалните развојни процеси и потребата од ефикасно користење на условите на информатичкото општество, донесувањето на закон за електронска трговија ќе овозможи утврдување на јасна општа правна рамка за вршење не електронската трговија.

Во Предлогот за донесување на закон директно се поднесени барањата од Директивата 2000/31СД за одредени правни аспекти на услугите на информатичкото општество особено на електронската трговија. Целта на законот за електронска трговија е воспоставување на општа законска рамка и истиот ги регулира основните пинципи за давање на услуги на информатичкото општество особено поврзани со електронската, трговија одговорностите на давателите на услугите на информатичкото општество, комерцијалната комуникација и правилата во врска со склучувањето на договорите во електронски облик.

Со предлог законт на електронската трговија се врши дефинирање на услугите на информатичкото општество кое имаа широк опсек економски активности, а особено продажбата на производи и услуги преку интерните, услуги за пристап до информации преку интернет, пренос на податоци или чување на податоци во комуникациската мрежа. За да се изгради довербата кај потрошувачите, потребно е да постои ефикасно средство за спроведување на договорите како пишаните, така и во електронски облик односно правната рамка да обезбеди електронските документи да имаат исто значење како и пишаните документи. Со закон за електронската трговија се овозможува да не се оспори полноважноста на договорот поради тоа што е склучен во електронски облик.

Во однос на расправата на комисиите за економски прашања, беше поставено едно прашање, како ќе се заштитат нашите корисници на електронско плаќање.Тоа го регулираме со одредба во законот, тоа е член 24 каде што вели: одредот од став 1 на член 5 од овој закон ќе се применува од денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија. Значи, тоа беше обврска на Министерството за економија да провери дали има заштита, кажуваме дека е тоа проверено и во ред е и на Законодавно-правна комисија беа поставени некои прашања, односно амандмани меѓутоа, бидејќи Комисијата го помина рокот за поднесување амандмани, се договоривме ние како Влада да ги прифатиме тие амандмани, тие се од технички аспект и се составен дел на Предлог на законот.

Цениме дека овој закон треба да оди во една фаза заради значењето и приближувањето кон Европската унија. Секако дека во извештајот што го имате не е 100% усогласен со европското законодавство, меѓутоа има причини за тоа затоа што во одредени работи се уште Македонија не е спремна да ги прифати одредени сугестии односно од кореспондента табела одредени прописи кои што треба да се имплементираат, на пример регистер за оградување во Република Македонија нема, или да речеме регистар за процеси итн, и други термини кои допрва треба да ги евидентираме односно да ги воспоставиме во Република Македонија. Заради тоа сега овој закон, а и потребата за донесување на подзаконски акти во кои што ќе се имплементираат одредени делови од директивите, затоа е колзулата дека е делумно усогласена.

Предлагаме да се прифати овој Предлог на закон од Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван заменик.

Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, колешки и колеги пратеници.

Мислам дека форсирањето да работиме по 24 часа резултира и со недоволно присуство на пратениците, но ќе се обидам да образложам некои аспекти од овој закон кој што мислам дека треба да се променат, се со цел да се остварат заложбите од образложението што го предлага Владата.

емам дилеми околу потребата, имам дилеми околу текст. Ова е еден типичен пример како Владата сака или зборува за Европската унија и за прилогодувањето на нашето законодавство. И кога не убедува овде дека треба да гласаме со, како што некој квази независни пратеници велата, со акламација ако се работи за европски закони. Ваквиот концепт на трчање и на носење закони само со превод на Директивата, што не е закон, за жал, ќе доведе до проблем во имплементацијата на законот, а таквите проблеми јасно или тој концепт, јасни проблеми си имаат во Хрватска, каде што иста така со трчање се обидувале да носат закони кои што потоа не можеа да се применат или имаа потешкотии во примената, во праксата.

Второ, лошо е кога правиме или кога сакаме да донесеме еден закон без да направиме еден, се извинувам не можам да најдам посоодветен превод, значи без да направиме еден инфакт асестмант како овој превод ќе се рефлектира на реалниот живот или на потребите на компаниите во Република Македонија. Без јасна претстава дека треба да ја прилагодиме, она што го пишува во Директивата, на наши потреби, мислам дека ние ќе донесеме бројки, но нема да донесеме квалитет, зборувам генерално за сите закони и ќе имаме потешкотии во имплементација на законот.

Директивата укажува на обврската за прилагодување. Значи таа е еден правец што ни кажува како да продолжиме, но мораме да ги имаме во предвид домашните услови, мораме да ги имаме во предвид преамбулите што ги пишува во таа Директива. И затоа мислам дека има доста недоречености во овој закон кој што го имаме денеска на дневниот ред.

Можеби предлагачот на Деловникот господинот Трајко Вељаноски треба да подразмисли да прифати една од забелешките дека кога прв пат се носи еден закон, тој по дефиниција да оди во две фази. Можеби члeновите, тука се 20-тина на број, 25 не се големи како бројка, но мислам дека материјата што се третира е и те како сложена, бидејќи прв пат се воведува во Република Македонија, можеби е добро да има две фази во кој што и експертската и стручната јавност повеќе би зборувале, да се примени членот 105 од Законот за електронски комуникации каде што Агенцијата и другите државни органи имаат обврска при носење на закони од ваква проблематика што ја засега и Агенцијата, но и другите чинители од оваа област, да содржат јавни трибини, јавни расправи за предложениот закон или пропис со кој што ќе се произнест сите, како оние што планираат тоа да го прават, така и оние што треба да го овозможат овој сервис.

Од друга страна во Република Македонија постои Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис кој што во голема мера ќе има или има врска со овој закон и затоа повеќето и европски земји, но пред се овие од бифшите југословенски простори се решиле за еден заеднички закон кој се вика закон за Е-бизнис, или електронска трговија или електронско пословање или електронски потпис. Затоа што има сегменти од Законот за електронски потпис кој што се напишани тогаш , кои што биле напредни во тој момент, а кои што треба да се обработат и во овој закон, но за жал, тие работи изостануваат.

Инаку, реков потребата не е спорна, но она што мене ми смета е што Министерството за економија кој во овој момент се јавил како предлагач, иако да бидам искрен во претходниот состав овој закон како пинк-понг одеше помеѓу Министерството за финансии и Министерството за економија, бидејќи Законот за електронски потписи и податоци во електронски облик и електронски потпис е во Министерството за финансии и добро е од една страна што Министерството се решило за економија да го предложи, да се јави како предлагач на овој закон, но она што исклучително сум против е што земена е Директивата од Советот на Европа и европската комисија и таа истата е преведена комплетно во закон. На место погрешно преведена, на места фалат делови кои што се клучни за да се оствари образложението на она што во законот го бара или вели Министерството и за тоа ќе зборувам понатаму.

Значи, Владата трчајќи по закони, по бројка, се решава на еден принцип на прост превод на Директивата, прост во смисла на едноставно пресликување. Но, од друга страна Директивата е на пишана во 2000-та година многу работи од тогаш се изменети и некои работи требале да се прилагодат на денешните услови. Седум години во бизнисот на информатичкото општество се премногу за да можеме да се надеваме на дефинициите што постоеле во 2000-та година. Она исто што ми смета е што во Република Македонија не можеме никако да се надминеме партиски и да напишеме нешто што било и во минатото.

Стратегијата за развој на информатичкото општество која со консензус и еден од ретките документи донесен со консензус во ова Собранието во минатиот состав за кој што гласале сите партии, го постигна тој успех затоа што се темелеше на континуитет иницијативата што ја започна покојниот претседател Трајковски и Комистетот што го формираше тој и сето тоа искуство што се градеше многу години наназад се преточи во една стратегија што беше избрана за најдобра стратегија во Југоисточна Европа на Светскиот самит за информатичкото општество.

Мислам дека ова Собрание ја донело стратегијата и е коректно бидејќи и луѓето, тоа сум го кажувал многу пати, квалитетни луѓе од оваа област и од ВМРО-ДПМНЕ учествувале во изработката на таа стратегија и коректно е да во причините или во подлогата за донесеување не ја наведеме само Директивата што едноставно сме ја превеле, туку да кажеме дека тоа е обврска од една стратегија што ова Собрание, значи не зборуваме за персонални имиња, туку ова Собрание едногласно има донесено. На тој принцип ќе се навикнеме да градиме еден континуитет кој што може многу да ни помогне на Република Македонија на патот кон Европската унија. Ако не го цениме се она што е добро и направено во минатото не можеме да изградиме доверба меѓу нас, не можеме да изградиме ефикасни механизми за пристап до Европската унија.

Во образложеието Министерството за економија зборува за безбедност и сигурност на корисниците, дека постојат повеќе модели, тоа и заменикот министер го кажа во своето излагање, кои се применуваат во мал обем и дека се наметна потреба за донесување на Совет на регулатива со кој ќе се дефинираат условите за безбедност и сигурност и треба да се изгради доверба кај потрошувачите да постои ефикасно средство за спроведување на договорите, како пишани, така и во електронски облик односно правната рамка да обезбеди електронските документи да имаат исто значење како и пишаните документи. Не е доволно да ние само ги изедначиме пишаните и електронските документи за да си обезбедиме безбедност и сигурност на корисниците и затоа најголем дел од дискусијата ќе ја посветам.

Овој закон ги регулира правата и обврските на две заинтересирани страни, но она што е клучно фалат правата и обврските на оној што седи измеѓу, а тоа е сервис-провајдерите без чија помош ние не можеме да го завршиме електронскиот бизнис или да го постигнеме договорот. Овој закон заради тоа што има една погрешна дефиниција на почеток, и го пропуштил сето тоа до крај да го наведе остава простор на несигурност и небезбедност затоа што не постои или не се знае улогата на оној што треба да ја овозможи електронската трговија. Затоа не е доволно да се изедначат, туку е потребно навистна да обезбедиме механизам за овозможување на безбедно и сигурност на корисниците. Потоа, ќе...

Потпретседателе ќе може...

(Потпретседателот ги опоменува пратениците со звончето)

**Иван Анастасовски:** Продолжете.

**Јани Макрадули:** Штета што го зедоа плацот кај Народна банка таму гостуваа таму едни, гостуваа едни луѓе таму и позабавно ќе беше. Ако некој му е претешко да седи, може слободно да излезе.

Потоа во целите што треба да се постигне со овој закон се дефинира интересот за влез на стренските компании, но мислам дека она што е најважно, што за жал, пропушта да го каже предлагачот е тоа дека со овој закон се зголемува конкурентноста на нашите компании. Значи ова е пред се занон за нашите компании. Премногу робуваме сите заедно со премиерот на зборот странски инвестиции, во секоја прилика сакаме да го кажеме. Овој закон ќе му овозможи поголема конкурентност помалку трошоци на нашите компании, на македонските компании да ги понудат овие производи на поголем пазар, да ги понудат на поефтин начин, да ги понудат на поквалитетен начин, да ги понудат 24 часа на ден, седум дена во неделата.

Тоа е предност за македонските компании. Странските инвестиции дали ќе се решат да влезат да отворат своја компанија, што ова ќе го прави или ќе продаваат свои производи, тие повторно ќе си останат во својот атар, од таму тоа ќе го прават. Нема потреба да вложуваат тука за да го прават тој бизнис штопо електронски пат го прават на друго место, но ова е добро за нашите компании, реков, за да се зголеми конкурентноста, но и да се зголеми или да се намалат трошоците, а да се зголеми комуникацијата со нивните партнери од странство. Затоа, ова е пред се можност или отвора можност за соработка со своите соработници во странство, ова е закон за конкурентност поголема на нашите компании.

Од друга стран, примената на овој закон ќе наметне потреба од реорганизирање и реструктуирање на нашите компании, што мислам дека е најдоминантно и најпотребно во овој момент.

Како што следи законот, потоа следат финансиските импликации. Не сум сигурен дека нема да има финансиски импликации, од проста причина што ако Владата сака да биде еден од партнерите во електронската трговија, тогаш таа ќе треба барем да купи еден сертификат од 120 евра, плус ДДВ од сите КИБС, колку што чини во овој момент. Но, тоа да го оставиме за понатаму.

Сега би се осврнал на законот подетално, иако реков немаме проблем за потребата. Она што мораме да го нагласиме е тоа дека клучни за спроведување на овој закон ќе биде приватниот сектор од една страна, тоа значи нивната брзина на реорганизација, нивното прилагодување на модерните потреби од една страна, а од друга страна, најдобар ктализатор на спроведување на овој закон можат да бидат банките и треба да бидат банките. Мене ме радува што скоро сите банки работат и нудат електронско банкарство, како предуслов, бидејки тие треба да имовозможат на компаниите сертифицирани трансакции, безбедносни гаранции за целиот тој процес. Така што, главен катализатор на целиот овој процес треба да бидат банките. Мислам дека Владата треба, не треба да ги прескокне како Бизнис заедницата, така и банките и да нема, како што во овој момент води една ригидна политика кон нив, туку напротив, ако сака полесно да го примени овој закон, треба да

седнат и банките на една заедничка маса, заедно со МАСИВ како организација, да можат да потпомогнат во овој процес.

Има тука разни примери кога кажуваме како е тоа во светот. Основата на информатичкото чудо од Естонија ако го земеме, лежи во тоа што две приватни банки од Шведска и Финска и две телекомуникациони компании од Шведск аи Финска решиле дека ќе го прават тоа во Естонија, затоа што ако ги поврзат сите, тогаш и нивните банки, нивните компании ќе имаат ќар.

Бидејќи банките имаат интерес што повеќе луѓе кои имаат електронски картички да работат, да купуваат, да трошат, затоа е најприродно тие да бидат катализатор на целио товој процес.

Предложениот закон, реков, за жал е превод на Директивата 31 од 2000-та година, но во некои сегменти фалат некои работи.

Прво, во членот 2, во одредбите од овој Закон зборува дека не се применува на игри на среќа. Можеби тоа било во 2000-та година. Меѓутоа, после неколку судски процеси што ги покренаа луѓе од Австрија и Германија тоа се укина. Јасно е, не треба да зборувам дека денеска, под електронска трговија спаѓаат и игрите на среќа и постојат илјадници страници каде што тоа може да се направи.

Потоа, она што мислам дека е извор на проблеми или дилеми во овој закон се дефинициите во членот 3, тоа членот 2 во оригиналната Директива. Трчајќи по бројки, работејќи излоирано, пишувањето на закон во едно министерство како да нема соработка со другите, веќе постојни законски прописи. Затоа, за мене е несфатливо да дефиницијата што постои во еден закон што се предлага сега, а што третира една област што природно припаѓа во електронските комуникации, да не се презема од Законот за електронски комуникации. Значи, услугите на информатичкото општество се дефинирани во Законот за електронски комуникации. Тие одговараат на Директивата 34/98, што е напишана во оригиналната Директива овде. Таа е малку посложена дефиниција за услугите на информатичкото општество. Велам, во тоа трчање, можеби ќе стигнеме до бројка, но нема да стигнеме до имплементација. Или, ќе стигнеме до нелогичност што, се разбира, тие кои работат во мониторинг на носењето на закони, ќе го препознаат.

Следната дефиниција 2 е клучот на проблемите или дилемите во Законот. Имено, во оригиналната Директива постојат две дефиниции на Б) и Ц) на сервис провајдер и на регулиран давател на услуга. Тука Владата го заменува сето тоа со давател на услуга и практично давателот на услуга го прави во исто време и провајдер и компанија што продава. Зато после се губи провајдерот, сервис -провајдерот во понатамошниот дел од законот. Бидејќи давателот на услугата не може сам да ја направи услугата. ВЕРО не е сервис-провајдер за да може да ви ги понуди производите. Тој се јавува како регулиран давател на услуга. Но, за да тој регулиран давател на услуга од една страна понуди, а ние како корисници земеме нешто, купиме нешто, мораме во средина да имаме инфраструктура што тоа ќе ни го овозможи.

Бидејќи овде во дефинициите се споени, а не се добро преведени, мислам дека за тоа и ви се изгубил сервис-провајдерот на Владата во понатамошниот дел од законот и сега, во овој Предлог на закон сервис-провајдерот нема никаква ниту улога, ниту право, ниту обврска. Што значи, кога некој ќе купува од одредено место, тој во средина, било кој провајдер, да не ме сфатат погрешно провајдерите, но сега провајдерот може да прави што сака, никој не го гони, таа работа не е регулирана. Може договорот да го земе, може да го прочита, бидејќи никој не му забранува. Може да го копира, може самиот да ја понуди услугата, бидејќи нема обврски за него.

Затоа, овие дефиниции мора да се раздвојат што е тоа сервис-провајдер, значи што е операторите: ОН НЕТ, Телекабел, било кој нуди таква услуга или МТ НЕТ на Владата операторот, а кои се регулирани даватели на услуги кои ќе се пријават, дали адвокати, дали ќе бидат компании, дали ќе бидат други лица.

Потоа, бидејќи така пишувало во 2000-та година, ја препишале дефиницијата дека “трговско друштво на неопределено време”. Бидејќи доаѓа од Министерството за економија, јас имам дилема дали е ова така или со Законот за трговски друштва или во согласност со Уставот, постоеше дилема, тогаш кога се дискутираше во минатиот состав можеби грешам, се извинувам, поправете ме ако грешам, дека кај нас, во Македонија тоа “ неопределено време”, како неуставна категорија не може да се дефинира. Тоа е поврзано со Законот за трговски друштва. Зошто некој, што е на определено време регисриран, на 10 години, да не може да ја понуди услугата? Мислам дека тука имаме дилема со Законот за трговски друштва.

Кај дефиницијата за регулирани професии, вели “со оние професии, односно професионални дејности кај кои условите за вршење се утврдени со закон”, можеби, со кој закон тука останува дилемата.

Преводот на имиџ на компанијата, како углед на трговското друштво во комерцијална комуникација мислам дека е непотребен.

Потоа, ставот 2 на членот 6, мислам дека е нејасен и дава можност за бирократска манипулација, дека поисклучок за некои услуги на информатичко општество може да се побара дозвола, одобрение или концесија. Но, вели “по исклучок од одредбата давателот на услуга мора да ги добие оние одобренија што не се однесуваат на услуги за информатичко општество или кои треба да се добијат во согласност со други прописи”. Можеби е чисто на страната на Министерството, но мислам дека

вака станува нејасно и можеби да се јави некоја долга, бирократска процедура.

Членот 7 ги дефинира информациите што треба давателот на услуги да ги обезбеди. Тука имаме разлика со Предлогот.

Прво, во една алинеја, во алинејата 4 вели “давателот на услуги треба да обезбеди решение со кое давателот на услуги на информатичко општество е запишан во Централниот регистар”. Тоа решение треба да го обезбеди како скениран документ на веп страната? Како предлагачот го замислува тоа, кога јас ќе дојдам на страницата на некоја компанија и ако сакам да видам дека е таа давател на услуга на информатичко општество, како ќе дојдам до тоа решение? Бидејки во овој момент, за жал, немаме он лајн сервис од страна на Централниот регистер тоа да го погледнеме. Бројчето, можеби шифрата,некоја информација штопрактично ќе биде полесно за имплементирање отколку, вака јас го разбирам скениран документ што ќе треба да го кликнете, па да го види корисникот дека навистина се работи за регулиран давател на услуга.

Тоа штопред малку разговаравме малку со претставниците од Министерството за економија, тоа што мислам дека најмногу фали е дека со што ќе гарантираме дека таму каде што сме дошле, сме на виситнскиото место. Или, да појаснам, може некој човек да си направи страница што ќе има исто лого, еве сега го фативме ВЕРО, иста црвена боја, еве нека биде ТИНЕКС да не се побуни парламентарното мнозинство.

Некој може да си направи страница ТИНЕКС, со исто лого, што не е проблем, со исти знаци и да си продава производи. Ќе си дојде корисник, ќе сака да си купи, ќе си плати. Ама, таква фирма не постои. Бидејки, тој си ја регистрирал банковата сметка, ќе му отиде некаде. Кој ќе му гарантира на корисникот дека баш тоа што го гледа е на ТИНЕКС? Затоа, во некоја компјутерска терминологија јас сум го предложил како амандман “дигитален идентитет” или ни треба сервер серификејт. Кога јас ќе одам на АМАЗОН да купам книга, таму ми пишува дека сум на АМАЗОН и дека сајтот е сертифициран од некого и тој некој ми гарантира дека сум на АМАЗОН. Оти, вака ќе ми направи некој друг ТИНЕКС, јас ќе отидам на ТИНЕКС, ќе си купам производи, ставам картица, ај што ќе отиде картицата, парите, но ќе ја земе и картицата.

Затоа велам, тоа е заради безбедноста и сигурноста, ова што вие го зборувате во образложението, ни фали имплементација во законот.

За фирмата давател на услугата ни треба, употребувам премногу англиски зборови, се извинувам, јас го викам тоа дигитален идентитет, можеби е преводот лош, сервер сертификејт кој што ќе знам каде сум и од кого купувам.

Потоа, покрај информациите, велите “податоци за институцијата кај која е регистриран давателот на услугата”. Како тоа ќе се врши,не знам. Но, повторно бараме само обврски за давателите на услугите. За ТИНЕКС, за ВЕРО, за некој, ќе каже човек некоја компанија, ќе му направиш белја, ќе му влезе некоја инспекција. Но, нема право и обврска за оној кој е во средина. Јас, за да ја направам трансакцијата со ТИНЕКС, нека биде сигурниот ТИНЕКС, некој треба тоа да ми го овозможи. Но, оној во средината ниту знаеме кој е, бидејки го изгубивме од дефинициите, ниту сме му дале задачи и обврски што да прави.

Членот 9, имаме дефиниција во Законот за електронски комуникации на Законодавно-правната комисија, така им личело поубаво. Колегата Зашов предложи, што е можеби во ред, но тоа не е со Законот за електронски комуникации, па Владата го презела амандманот, предлогот на господинот Зашов. Што пак, можеби е лексички точно, како што вели колегата Николовски, но имаме Закон каде е тоа кажано.

Членот 9 треба да го реши проблемот на оние милион мејлови што ги добивате за разни реклами, со разна содржина и тука можеме чисто да го напишеме “секој корисник може да прифати или одбие прием на непосакувана комерицијална порака со лично изјаснување”. И, готово. Тука пишува “користењето на електронската пошта, со цел на доставување на непосакувана комерцијална комуникација е дозволено само со претходно прифаќање од страна на лицето кон кое тој вид комуникација е упатено, во согласност со Законот за електронска комуникација”. Ако е во согласност со Законот , да ја препишеме дефиницијата, да не се мачиме.

За членот 10, се согласувам постојат прописи за електронски потпис. Тоа се подзаконски акти. Мислам дека фали и самиот закон. Покрај тој дел.

Во членот 14 “договорот во електронски облик се смета за склучен во оној момент кога понудувачот ќе ја прими електронската порака што содржи изјава на примателот дека ја приофаќа понудата”. Веројатно се мисли на содржината на договорот, бидејки понудата е едно, потоа ќе ја вратите комуникацијата, а дали ќе се согласите за договоорт, тоа е втор чекор.

Членот 16, што првично се викаше “привремено скалдирање” и беше превод на зборот хостинг, мислам дека е покоректно отколку со амандман што вие интервенирате. Исто мислам, се извинувам ако грешам, но мислам дека не грешам, тој амандман Владата го дава по сугестија на Законодавно-правната комисија. Мислам дека нема потреба од такво нешто, бидејки привременото складирање е сосема коректен термин за привремено скалдирање.

Тоа што на господинот Зашов му е по содржината, по не знам која терминологија, треба да се преслика во целиот наслов, па вие сте го прифатиле како Влада, мислам дека нема потреба. Кај има грешни преводи, и тоа што ви е точно преведено сега го фаќате погрешното.

Тоа што кај привременото складирање мислам дека е многу клучно во кој момент ќе се

заштитиме, да не се чита информацијата. Тоа што го зборувам јас. Значи, прават договор, еве тука гледам неколку адвокати кои можат да се јават како даватели на услуги. Значи, имаме од една страна адвокат, а од друга страна секој што купува и бара заштита од адвокатот. Каде е заштитата, сега сервис провајдерот, значи, компанијата што ќе ја овозможи комуникацијата, не го земе договорот. Тоа во овој закно фали, бидејќи грешен ни е почетокот, значи првите две дефиниции кои што се измешани.

Сега, ќе потпишете договор со некоја компанија, немаме гаранција дека тој што е во средина, компанија што го овозможува преносот, нема да си го земе договорот, ќе си го разгледа, ќе се јави, како што кажа вчера пратеникот Рахиќ за брокерите во Агенцијата за безбедност и контраразузнавање и другиот ден доаѓаат инспекторите, си имал ваков договор. Кој ќе го заштити корисникот од читањето на информациите од лицата кои ја овозможуваат комуникацијата. Затоа, зборувам, образложението за безбедност и сигурност тука е едно, но имплементацијата фали, бидејќи фалат вакви клучни работи.

Имам уште три забелешки. Во членот 20 вели: "Давателот на услуги на информатичко општество е должен во најкраток можен рок да достави на надлежните органи на Државната управа на нивно барање информации што овозможуваат идентификација на примателите на нивните услуги".

Мислам дека и со Законот за следење на комуникации и со серија на други закони што се донесени, или прописите што ги чекаме од Министерството за внатрешни работи да се изработат, веројатно мора да има судски налог за ова. Не можете, ат хог да ги барате овие информации, или судски налог. Да биде регулирано со некои законски процеси кои што постојат. Вака надлежни органи на државна управа, не знам, можеби карихирам, ќе се јават Македонски шуми и ќе речат дајте ми го договорот што го правеа вчера овие двајца. Значи, мора да има некоја причина, или некој во позадина што ќе стои, што ќе го направи тоа. Можеби, судски налог не е најсоодветен термин, но има закон за следење на комуникации, има други активности за откривање на сајдер криминалот за незаконски дејанија, кои што мора да ги прилагодиме со овој закон.

Истото се однесува и на членот 21. Сосема непотребно е дефинирана улогата на инспекторите на Агенцијата за електронски комуникации кога имаме Закон за електронски комуникации, каде што точно се знае надлежноста на инспекторите од Агенцијата за електронски комуникации, кои се нивните права, обврски и на кој начин тие доаѓаат во компанијата. Нема потреба заради спроведување на инспекцискиот надзор должни се да овозможат пристап. Па тоа го пишува во Законот за електронски комуникации и пошироко и подетално. Апсолутно, тука нема потреба.

У она што на крај стојат, тоа се прекршочните одредби. Мислам дека прекршочните одредби се мали. Секој за толку мала глоба ќе му се исплати да направи прекршок, бидејќи договорите што можеби ќе се потпишуваат, ќе се склучуваат, набавката што ќе се врши, може да биде милионска. Таквите информации денеска се најскапи и нема дилема да зборуваме многу. Мислам дека овие глоби се малку. Времето ќе покаже како овој правец ќе се развива. Затоа реков дека немам дилеми околу потребата. Како пратеничка група имаме дилема околу содржината, за да се овозможи, или да почне да се имплементира законот и добро е, уште еднаш ќе повторам ваквите закони да одат во две фази, освен закони кои се носат за прв пат во Македонија, да имаат поширока јавна расправа, бизнис заедницата, покрај поканите што ги имала од Министерството да учествува во расправата и сугестиите што ги давала, тоа да го направат на јавни трибини на кои што ќе го искажат својот став и да ги вклучиме, пред се, банките според мене како клучни катализатори во целиот овој процес.

Она што друго политчки покажа овој закон е дека за жал, веројатно парите што до сега ги плаќаше Владата за надоместок на трошок на уште еден министер што е од странство, а тоа е господинот Иво Ивановски, апсолутно е непотребен бидејќи, барем ќе го преведеше точно, ако го гледаше овој закон. Не знам која е неговата улога, односно знам дека нема улога во ова, Се покажува како, да не бидам сфатен погрешно, третманот на тој ресор како слепо црево, а да не ме убедувате дека многу правиме во таа насока, затоа што клучните луѓе не ги вклучуваме во ова, по систематизација, не зборувам по капацитет. И дека освен што плаќаме големи пари за имотите таму, дојдени се овде за единствена намена за тоа како фирмата од Америка преку кинеска компанија да ги донесе компјутерите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за електронска трговија.

Пред да ве повикам да гласаме, ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме на гласањето.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме на гласањето.

Ги молам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат ќе пристапиме на гласањето.

Би ги замолил службите уште еднаш да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ги повикувам по петти пат колегите пратеници, кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме на гласањето.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум за гласање).

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, гласале 57, 55 пратеници гласале за, 2 се воздржале од гласање, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник присутен во салата, гласале 55 пратеници, 54 пратеници гласале за, нема воздржани, 1 гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 9, на насловот по член 16, член 22, член 23 став 1, и на член 24 став1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандмани на член 7 точка 1 за додавање нова алинеја 7; член 6 за бришење на став 2; член 3 за менување на дефиницијата 2; член 3 за додавање нова дефиниција 3; член 3 за менување на дефициницијата 1; член 10 точка 4; член 14 точка 1 и за бвришење на член 16, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандмани на член 3 на дефиницијата 3; член 3 за бришење на дефиницијата 4; член 9; член 16 став 1 за додавање нова алинеја 6; член 20 став 3 и на член 21 за бришење на став 3; по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот н а член 3 за менување на дефиницијата 1, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на дефиницијата 2, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Овој амандман не се прифаќа од причини што во првичната верзија на Предлог законот беше вака како што господинот Макрадули прдлага, но бидејќи имавме сугестии од банкарите дека подобро е да стои една дефиниција, од причини што во Република Македонија треба да се заштитат нашите провајдери и да не се напрви упад во овој систем, па затоа амандманот не го прифаќаме со едно дополнување дека во догледно време ќе треба ова да го разделиме пред пристапувањето во Европската унија, кога ќе се создаде единствен пазар, значи кога ќе влезе во Европската унија.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Веројатно заменик министерот кога ќе го прочита стенограмот и тоа што го кажа, по некое време, ќе сфати како го носиме законот.

И во моето излагање се обидов да кажам дека мора да постои разграничување меѓу давателот на услуги и регистриран давател на услуги, или директивата која што е преведена тоа го нарекува како "сервис провајдер" и "естаблишт сервис провајдер". Заменик министерот практично потврди дека во првата фаза она што било препорака од Директивата бил предложениот текст, но се решиле за вакво нешто затоа што банкарите реагирале, што значи, Владата во овој момент е зависна од некои банкари и ги спроведува барањата на банкарите, што за еден чесен и независен, надвор од влијанија, премиер е чудна работа, иако работел во банка порано и има врска со банкарскиот свет не верував дека под влијание на банкарите ги менува законите. Но и да е така, ама еве и нека не е, дефиницијата за сервис провајдерот зборува за нешто друго. Уште еднаш ќе кажам сервис провајдерот или овде како што пишува во директивата - јас се извинувам, морам некои термини да ги читам на англиски јазик бидејќи да потсетам законот е чист, прост превод на Директивата, ништо не е изменето, во одредени делови и погрешен. Јас реков ако Иво Ивановски не знаел тоа да го направи, она што сигурно знам дека знае да го направи господинот Влатко Ѓорчев е тоа дека англиски без проблем ќе ја преведеше и точно и прецизно. Значи сервис провајдерот се однесува на "анѕ натурел лиегле перссон провидинг информатионс ассоциате сервис". Тој се однесува на сервис провајдерите. Давателот на услуга не е сервис провајдер, значи не е "Тинекс" сервис провајдер, "Веро" било која компанија е регулиран давател на услуга. Некој адвокат е регулиран давател на услуга или после како што во Законот има посебен термин за нив. Значи самите компании не се сервис провајдери и бидејќи ги спноило Министертсвото под влијание на банкарите, се губи сервис провајдерот како поим, па затоа за

жал не е регулиран во натамошниот текст на законот. Затоа сега еден сервис провајдер, значи еден интернет провајдер ќе ви направи нешто, што сака, бидејќи не се дефинирани неговите права и обврски. Дали ќе помогне да ја смениме дефиницијата како што треба кога ќе влеземе во Европската унија не знам, бидејќи до тогаш законот треба да се имплементира и треба да си тече. Ако Законот важи после 8-от ден од денот на донесувањето, не може да регистрирате ниеден давател на услуга вака како што е дефинирано во вашата дефиниција, затоа што “Тинекс” не може да ви ги овозможи услугите на сервис провајдерот, веројатно нема да го терата да прави инфраструктура за да стане и тој сервис провајдер. Тој е регулиран давател на услуга, затоа и ги раздвоиле. Не залудно во директивата под Б и Ц се одвоени сервис провајдерот и давателот на услуга. Затоа мислам дека ова ќе се промени кога ќе влеземе во Европската унија, но тоа не ми е некоја утеха, бидејќи тоа значи дека сум во право, ама кога ќе влеземе во Европската унија. Мислам дека нема да функционира ова, брзо ќе наидеме на проблем и брзо ќе се промени. Но тоа е хендикепот кога ваков закон кој за прв пат се носи го носиме во две фази одеднаш.

Второ, регистрираните даватели на услуги, како што е во самата дефиниција, го наметнува тоа дека е секоефизичко или правно лице кое дава услуги на информатичко општество преку основање на трговско друштво на неопределено време, при што присуството и употребата на технички средства и на технологии итн., сами по себе не претставуваат основање на давателот на услугата. Со самата дефиниција пак не ќе можеме да ги оствариме оние заложби што ги сака законот, тоа е една работа и второ, зошто стои неопределено време, зошто не може со Законот за трговски друштва да правиме ограничување, некоја фирма што е регистрирана на определено време да има такво нешто, да и биде забрането да врши ваква дејност. Можеби некоја странска компанија ќе се реши да дојде во Македонија, да биде давател на услуга и таа да се регистрира на период од 5 години, што е тука проблемот? Или на година дена, сака да го провери пазарот, да види дали сето тоа ќе функционира итн.

За жал, ваквата лоша дефиниција или мешањето на дефиниција под влијание на некои банкари ќе има проблем во имплементацијата на законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги замолувам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласањето.

Би ги замолил службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Во салата нема кворум за гласање)

Ги замолувам колегите пратеници да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 57 пратеници.

Почитувани колеги, бидејќи голем број од пратениците имаат активности, објавувам пауза од 15 минути.

(Пауза од 12,45 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,11 часот)

Ги молам колегите пратеници да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласањето на амандманот.

Ги повикувам колегите пратеници кои се надвор од салата, да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласањето.

Почитувани колеги пратеници, објавувам пауза, која ќе ја споиме заедно со паузата за ручек и ќе продолжиме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 13,35 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,33 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата нема доболен број на пратеници, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги молам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник амандманот на член 3 за менување на дефиницијата 2, поднесен од пратеникот Јани Макрадули каде што претресот е заклучен, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 56 пратеника, од нив 6 гласаа за, еден воздржано, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на дефиниција 3 поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам.

Овој амандман не се прифаќа затоа што станува збор за физички или правни лица кои користат услуги на информатичко општество за професионални цели, а не како краен

потрошувач на услугата. Значи, според Директивата со терминот потрошувачи е опфатено само физичко лице, а со терминот примател на услуги се опфатени и физичко и правно лице. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен од страна на Владата.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека предлагачот треба да го прифати овој амандман од едноставна причина што доколку терминологијата која што е употребувана во овој закон се спроведе, или се донесе онака како што е предложена. Ќе настане еден правен хаос и можам само да замислам што се ќе можат корисниците да користат, или злоупотребуваат спроведувајќи ги и двата закона, Законот за електронски комуникации и Законот за електронска трговија. Мислам дека амандманот едноставно е технички и би требало да се прифати, очекувам да се прифати заради усогласеност на дефинициите на Законот за електронска трговија со Законот за електронски комуникации. Терминолошкиот хаос без разлика дали се работи за закони кои што имаат определен квалитет заради брзање, или заради квантитет ве молам да не ги носиме набрзина. Мислам дека, ако ми дозволите, која дефиниција е дадена во Законот за електронски комуникации и за корисник е исто така физичко и правно лице кое користи, или бара јавна комуникациска услуга.

Подоцна кога ќе зборуваме и за член 20 ќе видите дека ова мора да го прифатите заради тоа што во член 135 кога ќе дојдеме и до надзорот, ќе видите дека базичен закон е Законот за електронски комуникации. Но, мислам дека нема да дојде до тоа и дека мора да има усогласеност на дефинициите помеѓу овие два закона. Инаку, едни ќе се повикуваат на едниот закон, други корисници ќе се повикуваат на другиот закон и навистина ќе стане еден терминолошки и правен хаос во Република Македонија со користење на различни термини со исто значење.

Од тие причини очекувам да биде прифатен овој амандман. И замолувам уште еднаш предлагачот да го разгледа овој предлог.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Колеги, ќе ве замолам ако може да имаме малку повеќе тишина и мир во салата за да можеме да се слушаме меѓусебно.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас сосема накратко во прилог на подршка на амандманот предложен од мојот колега Ќуркчиев. Во излагањето на почеток утрово што го имав, зборував дека кога се носи ваков закон по прв пат е многу комплицирано да се носи двете фази во еден ист ден. И подобро е јавната расправа тоа да го понуди кои решенија се најприфатливи, јавната расправа во која ќе се вклучи и секторот кој што природно припаѓа, или ги прати овие работи, тоа е Масит, тоа се организации кои што гравитираат во оваа област. И затоа имаме недоречености помеѓу различни закони, или разлики. Но, она што посебно нас не обврзува е членот 105 каде што Агенцијата за електронски комуникации, за жал, во услови сега кога единствената активност на Агенцијата во овој момент е да се објавува на веб-страницата дека го разрешиле директорот и тоа го чуваат месец дена како тема, бидејќи немаат никаква друга активност. Значи, има обврска како Агенција со член, со закон дадена да организира вакви јавни расправи за прописи кои се од оваа област.

Законот за електронската трговија, иако реков лавираше, или како пинг-понг топче се префрлуваше помеѓу Министерството за финансии и Министерството за економија многу години наназад, не зборувам само за сега, да не бидам погрешно сфатен. Како фундамент во позадина го има Законот за електронски комуникации. Затоа и јас и колегата Ќуркчиев како претседател на Комисијата за транспорт и врски овие амандмани ги даваме во заштита на законот што е во сила од февруари 2005 година кој што гиројде сите европски сита и решета и практично има позитивно мислење со голем консензус од страна на Европската комисија. И затоа ќе дојдеме во ситуација на тешка имплементација на решенијата во овој закон, бидејќи реков, директивите едноставно се препишани. Ќе има голема дилема кој закон да се почитува и практично ќе биде многу тешко да се заживее. Реков и сабајле, сосема накратко ќе повторам. Трчањето по бројка на само донесени закони со европското знаменце се покажа погрешен во фазата на имплементација на една земја со која што сакаме да се споредуваме, тоа е Хрватска. Да не дојдеме во таква ситуација сите амандмани што се предложени од пратеничката група на СДСМ, ме радува што и заменик министерот прифати некои од нив, одат во таква функција како полесно во услови кога се носи законот одеднаш двете фази да го направиме поприменлив законот и полесен за имплементирање.

**Бесим Догани:** Има збор господине Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Би го замолил заменик министерот, а би ги замолил пред се колегите од десната страна во Парламентот, ако навистина не е интересен овој закон за нив, барем да ни овозможат да кажеме зошто ги поднесовме овие амандмани. Ги поднесовме од едноставна причина што цениме дека Собранието треба да донесе еден европски, еден квалитетен закон и навистина очекуваме предлагачот да ги прифати.

Јас се извинувам на колегите кои што имаат други приоритети во овој момент, а се во салата, меѓутоа нека не разберат и нас кои што навистина сакаме да го подобриме овој закон.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата и службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеника, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 58 пратеници, за гласале 7, воздржано 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нова дефиниција 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минсистерот за економија Киро Спанџев.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа адекватно на вториот амандман, образложението е исто.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Оваа дилема ја отворивме и при првиот амандман. Сега малку се корегира заменик министерот кој што образложението во однос на првиот амандман се однесуваше дека амандманите што се предложени во овој момент од мене биле во некоја права фаза во рамки на законот, но под влијание на банкарите, не знам зошто, ова се вклопило во една дефиниција.

Јас уште еднаш ќе укажам дека амандманот е предложен врз база на Директивата 31/2000 каде што се прави разлика помеѓу давател на услуга и регистриран давател на услуга. И, не за џабе Директивата која сугерира предложена од Европската комисија, за која што утрово она што го кажа заменик министерот, ќе се донесе кога Република Македонија ќе стане членка на Европската комисија. Значи овие амандмани што ги имам предложено ќе важат тогаш, мислам дека не држи и не за џабе сте ја предложиле таа Директива. Притоа, сакам јасно да кажам дека моите укажувања кога зборувам во однос на заменикот се насочени кон министерот за економија, да нема дилема, мислам кога се носи еден ваков закон, мислам дека министерот му беше местото да биде овде. Но, тоа е друга работа. Не за џабе се раздвојуваат давателот на услуги од регистрираниот давател на услуги. Ако ги ставиме во еден ист кош, како што е сега предложено во нашиот Предлог закон што го имаме овде во Собранието, тогаш давател на услуги, како што е напишано е секое физичко и правно лице кое дава услуги на инфорамтичко општество преку основање на трговско друштво на неопределено време, затоа што мислам дека не е уставно, при што присуството и употребата на техничките средства и на технологии потребни за давање на услугата, сами по себе не претставуваат основање на давателот на услугата.

Сметам дека фали раздвојување на оној што ќе биде давател, регистриран давател на услуга, како што ќе биде некоја компанија од сервис провајдерот, односно давателот на услугата што тоа ќе го овозможи. Бидејки тоа ги споиле во една дефиниција за разлика од Директивата, во целиот текст потоа на законот се губи сервис провајдерот и ние немаме никакви ненаметнуваме законска рамка за сервис провајдерот што тој треба да ја овозможува. Вака, ќе испадне дека давателот на услуга е сам, дека тој што е давател на услуга во исто време е и провајдер иликако што кажав со еден пример, ако сака Тинекс да биде давател на услуга, регистриран давател на услуга, тој во исто време ќе треба да овозможи и инфраструктура, по која што некој потрошувач ќе земе од него одреден производ или ќе склучи некој договор или ако сака некој адвокат или некој лекар да не одиме и во таа насока. Еве, самиот закон нуди одредени договори да се склучуваат и лица кои се регистрирани се пријавиле за тоа, лекари, адвокати и т.н. Тоагаш, самиот тој лекар или самиот тој адвокат по оваа дефиниција ќе треба да овозможи инфраструктура по која што целата таа комуникација прво ќе ја овозможи, а од безбедносен аспект и ќе ја осигура. Затоа, не за џабе викам дека директивата ги нуди тие две дефиниции, не знам од кои причини овде се изоставени. Затоа што, ако ги погледенете нашите дефиниции има два типа на приматели на услуги. Или два, има од едната страна тој примателот на услуги и потрошувачот. Додека од лева страна, во средината инфраструктурен систем, имате само давател на услуги. Сосема природно, бидејки имате во дефинициите два различни од едната страна, мора да имате два типа различни од другата страна. Тоа се давателот и регулираниот, регистрираниот давател на услуги или овде како се викаат естаблишен сервис провајдер. Кога Македонија ќе влезе кога ќе се прифатат овие амандмани, не знам, но мислам дека многу поскоро ќе се променат, бидејки времето ќе наметне и потребите и имплементацијата ќе наметнат вакво редефинирање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејки, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Бидејки, бо салата има 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 57 пратеници, од нив 6 гласаа за, тројца воздржани, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на дефиницијата 4, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, Повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи дефиницијата 4 е усогласена со Директивата 31 и се однесува на дефинирање на краен потрошувач на услуги н аинформатичко општество. Значи, ова е различно од онаа третата дефиниција.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Сите аргументи со кои сакаме да укажеме дека Директивата 31 од 2000 година претставува база врз која што се носи овој закон, меѓутоа исто така ако се прочитаат причините врз кои што се заснова овој закон ќе видиме дека тоа е начело на интегрираност, начело на претпазливост и начело на одговорност. Ако зборуваме за интегрираност, тогаш треба да знаеме дека Законот за електронски комуникации исто така има свои дефиниции и изрази и е би рекол Закон од кој што поаѓаат сите следни закони. Особено, заради тоа што го користат и специфични би рекол корисници, како што се вооружените сили, полицијата, службата за безбедност и особено заради размена на класицифирани информации.

Вие, почитуван заменик до колку биде вака како што предлагате, ќе имате различни дефиниции и за исти нешта со Министерството за транспорт и врски, а тоа не е добро. На ваков начин нависитна корисниците ќе се доведат во заблуда, дали да го почитуваат мислењето или дефинициите на Министерството за транспорт и врски или пак да ги користат вашите дефиниции кои што, велам, и овој пат овој амандман, амандманот го поднесовме заради немање суштинска разлика помеѓу дефинициите дадени во точка 3 и точка 4 и заради усогласување на Законот со електронски комуникации. Мислам дека апсолутно нема потреба од никакви други аргументи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник, за амандманот гласаа 56, од нив 3 гласаа за, 2 воздржано, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 6 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, Повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 точка 1 за додавање нова алинеја 7 поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, Повелете.

**Киро Спанџев:** Овој амандман не се прифаќа, бидејќи во наведената информација во членот кој целосно е усогласен со Директивата 31 се обезбедуваат неопходните потребни податоци за давател на услуги на инфорамтичкото општество. Во врска со предлогот на пратеникот истиот е покриен по неше мислење и уверување дека е покриен со предвидената обврска да се направи достапна инфорамција за решавање од Централниот регистер на Република Македонија, со која може да се утврди идентитетот на давателот на услугите. Самата формулација дигитален идентитет најверојатно не, туку не е позната кај нас во консултации со Централниот регистер, така што јас и во образложението реков дека овој закон не е потполно усогласен дека ќе го усогласуваме и не постои регистер на оградување, регистер на професии и дигитален сертификат постои, меѓутоа сеуште не сме подготвени да го примениме овој начин. Така, ценам дека во некое подогледно време ќе се направат некои измени да се прифати, со некоја нова формулација, не дигитален идентитет, туку некоја друга формулација која што е разбирлива од наша страна по предлог на пратеникот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот се однесува на член 7 кој има наслов информации што треба да се обезбедаткако обврска на давателот на услуги и на примателот и на Државната управа во Република Македонија да ги направи лесно достапни и директни најмалку следните информации. И, тука имавме две дилеми. Прво, решението кое што сега заменик министерот го наведува, ќе се сложите дека не е прецизно во смисла на имплементација на законот. Значи, ако

сте вие фирма давател на услуги на инфорамтичко општество и ќе го земете законот, ќе го прочитате во Службен весник и ќе прочитате дека треба да обезбедите решение со кое давателот е запишан во Централниот регистер. На кој начин тоа решение ќе го објавите, дали решението што ќе го добиете во хартиена форма ќе го скенирате, па ќе го ставите како дел на страната, па тој некаде мора да кликне корисникот, да отиде и да го види тоа решение. Бидејќи, во овој момент, за жал, реков немаме онлајн поврзувајне со Централниот регистер. Но, не е само Централниот регистер не би требало да биде единственат аинституција, како што вели во став 2 која ги има податоците или дава податоци за давателот на услугата. Примерот што го наведовме утринава.

Вие, кога ќе отидете на веп страна преку која може да направите и бизнис, за таа страница мора да пронајдете сертификат што ќе ви гарантира таа страница е оригинална. Дигитален идентитет е термин што се користи во компјутерскиот свет, познат за нашите поими и соодветствува на обид не директно да се преведе, туку да се даде објаснување, опис на зборот сервер сертификејт. Затоа што во моментот кога вие ќе се решите за одредена трансакција да ја завршите, знаете дека е тоа банката што ја познавате, знаете дека баш се однесува на ТИНЕКС или се однесува на АМАЗОН или се однесува на КЛЕВЕР и некоја друга компанија. Реков, се извинувам ако некој мисли злоупотребувам некои имиња, тоа не го правам, за да можете да бидете сигурни дека тоа што ќе го направите е на вистинското место.

Затоа, кога ќе се решите да купите книга преку АМАЗОН, вие ќе погледнете горе на веп страницата, ќе видите дкеа со зелено ќе ви каже дека е таа страница сертифицирана и дека тоа ви е систем во кој што можете да верувате. Вие можете да се закачите на страница што ќе ви се појави со црвено и ќе ви рече - ова нее баш сигурно, ако сакате продолжете со трансакцијата. Но, за да можат граѓаните или компаниите да бидат сигурни, која сака да преземе нешто, тогаш мора некој да го гарантира тоа. Денеска може секој да изработи ист таков сајт, да личи, тоа постои во светот. Тоа не е спорно. Но, мислам дека гаранцијата треба да се додаде со уште еден услов овде во членот седум.

Дитективата, реков, е напишана во 2000-та година. Многу работи од тогаш се сменија. Многу работи се имаат изменето во локалното законодавство кај земјите членки или земјите кандидати или земјите кои преговараат, па затоа ми пречи тоа круто држење за директивите кога ни одговара, а кога претходните два амандмани беа одбиени со образложение дека пишува во директивите, ама ќе ги примениме кога ќе влеземе во Европската унија.

Се плашам дека ваквото недодефинирање на услугите потребни за инфорамциите, што треба да се обезбедат од страна на давателот на услуги, можат да доведат до злоупотреба, а од друга страна напомнав и утринава, казните или глобите се исклучително мали за една ваква област.

Тоа е моето објаснување. Останува парламентарното мнозинство како ќе гласа и дали ќе го пдоржи или не. Благодарма.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Збор има господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам господине потпретседателе,

Многу кратко, амандманот звучи прилично логично, односно има многу основ во она што го говореше господинот Јани Макрадули. Практично, она што го предлага претставува поголема заштита и на продавачите и на купувачите.

Во таа насока, мислам дека одредбите се добри но сега се консултирав со заменик министерот за економија, нивното тврдење е дека сеуште делови од институциите не се подготвени, што јас лично не можам да го разберам и не можам да го прифатам. Сметам дека овие решениеја треба да се обидуваме да ги имплементираме, затоа што дел од стопанските субјекти веќе ги употребуваат, како банки и други субјекти. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николовски.

За да не излезам на говорница, за една минута и јас да го кажам моето мислење, потполно се согласувам и со господинот Макрадули и со господинот Александар и мислам дека амандманот треба да се прифати.

Мојот став е дека ќе гласам за овој амандман. Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 59 пратеници, од нив 19 гласале за, 8 воздржано, а против 32 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

**Бесим Догани:** Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел по текстот на Предлогот на законот.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 точка 4, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Овој амандман не можеме да го прифатиме од причини што се однесува за закони и подзаконски акти, како што е сега во Законот, а предлогот е да стои закон за податоци во електронски облик. Значи ако го прифатиме амандманот прашање е што ќе настане со покривање на подзаконските акти. Од тие причини вака како што е формулиран амандманот не го прифаќаме.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Сметав и сеуште сметам дека ако требало да пишува подзаконски акти, можеби тоа е посоодветна правна терминологија од пропис. Јас тука не би сакал да се мешам. Мојата интенција беше да стои законот за податоци во електронски облик и електронски потпис и прописите, иако мисламд ека се тоа подзаконски акти, но правна е терминологијата, мислам дека нема потреба да дебатираме премногу, ќе го повлечам амандманот, се надевам дека не ќе може да се избегне законот за електронски потпис, во овој случај.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 14 точка 1, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 16, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Амандманот не може да го поправи она што е напишано. Мислам дека има доста лош превод оваа директива и тука да ја искористам приликата, можеби позитивно ме испровоцира господинот Николовски, лошо е што овој закон, според мене, таков е мојот впечаток, извинете ако грешам, е правен изолирано во Министерството за економија. Има недоволна комуникација со други министерства кои се занимаваат или со оваа област, или пак Министерството за финансии во кој седи законот за електронски облик и електронски потпис, а најмногу ми смета што мислам, тоа е мој впечаток, апсолутно никаква улога во овој закон нема министерот кој треба да се грижи за развојот на информатичкото општество што го имаме кај нас. Тоа е мојата дилема, барем да се прочитал законот ќе се видело дека може и поубаво да се напише, може да се преведе поточно, да се напише на јазик разбирлив за оние кои ќе го применуваат, а не само за некаква правна терминологија. Апсолутно не ми е јасно зошто насловот "привремено складирање" е сменет во "автоматско посредничко складирање" со образложение дека тоа го пишува во члено. Претходно пишува и не одговара за автоматско, па не го ставаме во насловот. Мислам дека Владата, еден од ретките зборови што се добро преведени, а тоа е привременото складирање, го трга а она што е лошо преведено, тоа е давателот да не ја попречува законската употреба на технологија која се употребува со цел да се добие податок за употребата на информацијата. Мислам дека многу поедноставно тоа може да се каже отколу само зборовите да се преведуваат па да се наредат во ист редослед, како што се напишани на англиски.

Од друга страна, бришењето на амандманот треба да апелира и уште на една работа, а тоа е дека губејќи го сервис провајдерот како институција во овој закон, нема никакви права и обврски за оној кој го прави привременото складирање. Значи давателот на услуга кој по дефиницијата што стои сега во законот, а која што не стои во препораките на директивата, самиот давател на услуга ќе треба и да продава производ и да обезбедува инфраструктура. Тоа не е можно. На нас ни треба, овој член се однесува на сервис провајдерот односно на давателот на услуга, ако го преведеме по директивата, а не на, за жал фали регистрираниот давател на услуга што треба да биде одредена компанија која продава. Сега може да се случи да немаме законска рамка за институцијата која е одговорна за привремено складирање. Тоа не е ниту компанијата што продава ниту компанијата што купува, ниту е тоа адвокатот што ја нуди услугата, ниту корисникот што се обидува да добие информација од адвокатот, по електронски пат и за тоа склучуваат договор. Во средина на таа комуникација се наоѓа сервис провајдерот и не за џабе директивата ги раздвојува давателот на услуга од регистрираниот давател на услуга. Може да се случи, склучувате договор помеѓу адвокат и некоја компанија, или две компании и сега тие, како што тој договор мора да оди по некоја инфраструктура, тој што е сервис провајдер, што не смее да ја менува информацијата, на пример овде му даваме право да ја чита информацијата, што значи ќе го земе договорот, ќе го складира на нивните сервери и ќе го прочита договорот помеѓу две компании. Таа информација вреди многу пвоеќе од 5000

евра колку што е глобата предвидена со овој закон. Информациите од одредени договори чинат многу пари и не за џабе сервис провајдерот е посебна глава дефиниран во директивата. За жал, јас знам дека со бришењето на овој член ќе направиме претумбации во законот, ама барањето е изразување на апел дека фали еден цел дел во овој закон, кој ќе создаде проблем во имплементацијата на законот, или она што во образложениeто го кажа заменик министерот и го пишува во материјалот, да обезбеди безбедност и сигурност на двете страни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници, 5 гласаа за, 3 воздржано, 49 против.

Коснтатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 за додавање нова алинеја 6, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Овој амандман не се прифаќа бидејќи е во согласност, директивата е усогласена, а во алинеја 3 наведено е дека давателот треба да ги почитува правилата што се однесуваат на ажурирани информации. Значи тој ги обработува податоците и нејасно е барањето, давателот да не ја чита содржината. Тоа не може затоа што имаме после заштита во алинеја 3 каде се почитуваат правилата што треба да ги држи во тајност.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Не ни очекував предлагачот да го прифати овој амандман заради тоа што и претходните амандмани се на место и треба да бидат прифатени, меѓутоа овде во членот 16 предлагачот кога зборува за привремено складирање, секој оној кој имал прилика да го прочита овој член каде давателот на услугата кога дава услуги на информатичко општество кои се состојат од пренос на информации дадени од примателот на услугите преку комуникациска мрежа, не одговара за автоматското посредничко и привремено складирање на таа информација изведена со единствена цел за поефикасен понатамошен пренос на информацијата до други приматели на услуги и на нивно барање и тн. Значи амандманот гласи дека давателот не треба да ја чита информацијата односно содржината на информацијата.

Почитуван заменик минситер, мерките за заштита особено во јавните електронски комуникации, се приоритет број еден. Тоа треба да важи и за нас пратениците кога носиме закони од оваа сфера. Значи мерките за заштита се приоритет број еден кога се работи за јавни електронски комуникации.

Бидејќи во член 16 зборуваме за привремено складирање, значи многу лесно може да дојде до дислокација, недај Боже до измени или проширување на содржината. Затоа да не дозволиме правото на користење, да не речам службеност која многу лесно може да си ја даде давателот на услугата. Од тие причини се надевам дека уште еднаш ќе го разгледате овој амандман и ќе го прифатите заради тоа што со оваа содржина на амандманот, значи уредба која ја предлагам, давателот да не ја чита содржината на информацијата, макар формално ќе се овозможи минимално, или спречувањ на злоупотребите од овој тип и нормално ќе ги заштитиме, би рекол, загрозените права на корисниците на услугата. Од тие причини не може да го усложни законот, не може да го попречи се она што е предвидено во член 16. Напротив, мислам дека ќе ги намали можностите за злоупотреба односно загрозување на правата на граѓаните. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи во салата има 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, 8 гласаа за, 2 воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Дали со неприфаќањето на амандманот, предлагачот на законот однапред укажува дека сериозно мисли да ги крши граѓанските и човековите права во Република Македонија. И да ја донесеме вака, почитуван заменик министер, ќе биде укинато затоа што претставува грубо кршење на човековите права. Еве зошто.

Во член 20 каде се определуваат обврските на давателот на услуги на информатичко општество, во членот 3 давателот на услуги на информатичко општество е должен во најкус

можен рок да достави до надлежните органи на државната управа, на нивно барање, информации што овозможуваат идентификација на примателите и тн. Ние велиме, значи после зборовите “на нивно барање”, да се додадат збровите “до колку приложат судски налог”. Инаку вака значи дека, помислете еден ден можете да бидете и опозиција, тоа значи дека навистина секој од државните органи може класично да ја злоупотреби својата должност и без да знае неговиот претпоставен. Од тие причини мислам дека амандманот се поднесува заради зачувување пред се на приватноста на граѓаните и спречување од злоупотреба на оние кои се недолични за носење на државни функции. Со оваа формулација се дава простор дека не треба да имаме сомневање кога ќе се додаде или приложи судски налог. Затоа ги молам колегите да го прифатат овој амандман кој е во согласност со уредбите и директивите 31 од 2000-та година и дека ниту еден не треба да биде против овој амандман. Навистина очекувам поддршка од сите пратеници.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Дилемите што ги има и овој член се влечат, како што реков претходно, тоа и господинот Ќуркчиев го кажа, погрешен е првиот чекор. Двете различни дефиниции на давателот на услуги и на регулираниот давател на услуги создаваат конфузија. Ние имаме законска рамка во која сервис провајдерот има свои обврски. Лошо е ако тие обврски важат за размена на електронска пошта, а не важат за размена на договори кои можат да вредат милионски суми. Затоа имаме и нелогичност односно апсурдност, ако го прочитаме членот. Давателот на услуги при давање на услуги не е должен да ги проверува податоците кои ги складирал, пренел или ги направил достапни. Ако не ги проверува податоците, како на пример Тинекс ќе знае на кој да ги однесе производите што ги купил човекот. Тоа се однесува на давателот на услуги на провајдерот тоа се однесува на Он Нет на Телекабел и тн. Тој нема право да ги проверува податоците што ги складирал. Ако давателот на услугата Тинекс, не ги проверува податоците, уплаќа на пример некои 100 евра, си купува за дома работи, каде ќе ги однесат? Или Хедис маркетите. Така што, заради апсурдноста на првиот чекор што потоа се влече како грешка, сега имаме можеби и лажна дилема, како некој што не треба да ги има информациите, па сега ако ги дознае, да јави кај брокерот од Дирекцијата за безбедност и контраразузнување дека има основано сомневање, примателот на неговите услуги дал недозволени податоци. Апсурдно е. И плус, бидејќи тој ќе каже кај брокерот, ќе ви тропне на врата некој, ќе ви рече дај го договорот. Според оваа дефиниција ќе дојде, на пример човек од Македонски шуми, бидејќи е тоа државна управа, ќе тропне на врата и ќе рече дај го договорот што утринава го правеа адвокатот Х со странската компанија, дај го договорот меѓу Тобако и некој од Владата и овој нормално ќе мора да го даде. А зошто на Македонски шуми? Затоа што тој, според оваа дефиниција е државна управа што има право тоа да го направи. Или пак, било кој од државната управа ќе влезе во компанија и ќе рече, дај го договорот, овој му вели па како, а овој му покажува и му вели евети закон, дајми го. И се тоа ќе се открие. Но, проблемот е што се мешаат давателот на услугата што продава или склучува договор, адвокат, лекар, било кој.

На овој начин вие можете лекарски наод да прочитате, или да дојде надлежен орган да рече дај ми го лекарскиот наод, бидејќи некој се консултирал, му го праќа, како што сега се случува по меил и овој да го добие, нешто што е катастрофа за човековите права. Но, ќе му го даде ако има судски налог дека во срцето му ставиле некој инструмент да прислушкува, но ако нема судски налог, како тоа.

Затоа мислам дека апсурдноста на амандманот е во тоа затоа што ни е погрешна дефиницијата, цело време укажуваме.

Да не се јавувам повторно по текстот на законот, би кажал само уште нешто, кажа и заменик министерот. Не е само централниот регистер што треба да се грижи за оваа работа, после сертификати, си има тело, си ги има дигиталните сертификати, тој е регуларен, компании приватно си купиле свои сртификати што ќе си гарантираат за таа безбедност и има подготвеност само треба еден мал катализатор. Но, на овој начин со погрешни дефинирања на почетокот и со мешања на различни дефиниции помеѓу закони кои веќе постојат во Република Македонија се плашам за имплементацијата на овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам потпретседателе.

Само накусо, мислам дека се работи во целина за исклучително важен закон, бидејќи се почесто ќе се користи електронската трговија, значи, трговијата ќе се одвива по електронски пат. Мислам за да донесеме еден ваков закон требало да се направи јавна расправа, да се консултираат експерти, институции, организации кои ги познаваат овие проблеми, но мене ми изгледа прифатлив и треба да го прифатиме овој амандман, бидејќи се работи за заштита на одредени податоци кои се многу битни. Не е добро да може секој да има пристап до тие податоци без да постои соодветно овластување, како што се предлага од надлежен суд. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата, да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, од нив 15 гласаа за, 2 воздржано, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи инспекцискиот надзор го вршат Државениот пазарен инспекторат и Агенцијата за електронски комуникации.

Од тие причини сметаме дека ставот 3 од член 21 треба да остане, бидејќи е усогласен со директивата 31.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Како и многу нешта и тоа не е усогласено, почитуван заменик министер, погрешно ве информирање. Не може вие како Министерство за економија да имате едни критериуми и еден начин на применување на Директивата на Европската комисија, а Министерството за транспорт и врски да има други. Се работи за иста материја. Зошто? Заради тоа што, да не објаснувам за што се работи, почитувани колеги, навистина во членот 21 каде се работи за надзор и инспекциски надзор, навистина ставот 3 треба да се избрише. Овој став е непотребен. Бидејќи надлежностите и постапувањето на инспекторите се предвидени и опишани во Законот за електронски комуникации и тоа во членот 134 и 135. Да го потврдам ова што зборувам, почитуван заменик министер, дозволете ми да цитирам нешто.

Во член 34 каде е надлежноста за вршење на надзор се вели: “Надзор над спроведување на овој закон”, се мисли на Законот за електронски комуникации “и прописите врз основа на закон и меѓународните договори што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија, во областа на електронските комуникации”.

Токму од тие причини, почитувани, е предложен овој амандман. Инаку, вака навистина правите сериозна забуна, човек не знае кој инспектор ќе влезе, а кој ќе излезе, кој е надлежен за една работа, кој за друга. Усогласете ги тие нешта. Навистина овој член е вишок.

Не знам дали има логика да додаваме други аргументи и елементи кога претходниот член кој е флагрантен за кршење на сите права кои денеска можат да му се прекршат на еден човек не го усвоивте амандманот, не знам зошто трошиме аргументи и елементи за усвојување на овој закон. Но, еве да бидам коректен до крај, мислам дека ставот 3 од членот 21 е непотребен и кажав зошто. Заради тоа што е спротивен на членот 134 каде се зборува за надлежноста за вршење на надзор во Законот за електронски комуникации. Или едното или другото не треба да го има. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Да се обидам од оваа позиција, може би поубедливо ќе делувам.

И самиот си станав досаден денеска убедувајќи ве дека давателие на услуга како погрешна дефиниција од почеток до крај влече еден проблем.

Според законот што го имате предложено заради спроведување на инспекцискиот надзор давателие на услуги на информатичко општество значи Тинекс се должни инспекторите да им овозможат пристап до електронската опрема и уреди и без одложување да достават потребни податоци и документација во врска со предметот на инспекцискиот надзор. Еве, нека не биде Тинекс, нека биде компанија во не баш милост од личен пример, нека биде Скопски пазар. Сега, со овој закон, бидејќи Скопски пазар е давател на услуга, ќе дојде инспектор, како што хараа на 23 октомври низ цела Македонија, ќе дојде во Скопски пазар и ќе му рече дај да ти ја видам електронската опрема и овој треба да му ја даде, бидејќи во законот ќе го казнат со 8000 евра. Дај ми ги податоците и документацијата, бидејќи така пишува, а така сте напишале затоа што овој давател на услуги се однесува на провајдерот. Ова важи за Он нет, за Телеком, за Телекабел, а не за компаниите. Вака со една дефиниција што ја имате ќе важи за Скопски пазар и сега бидејќи инспекторите обожаваат, ќе излезе Влатко Ѓорчев овде на говорница и по реакција домино другиот ден ќе отидат во Скопски пазар и ќе речат дај ми го компјутерот, како бе компјутерот имам податоци, а бе, еве ти член 20 став 3, дај ми ги, дај ми ги договорите што ги имаш направено и овој мора да му ги даде, бидејќи тоа пишува во Законот. Ама пишува така, но овој е давател на услуги, смислено за Он нет, за некој од провајдерите затоа што ако некој каже а бе слушај, како што имаше пример, нам ни се случи еден меил да прошета низ цела компанија. Кога ние ќе кажеме бе, се јавувам во инспекција, некој број има, проверете кај провајдерот што се случува и тогаш инспекторот доаѓа кај провајдерот и му вика дај да ти го видам серверот, дај да видам ти да не ги реплицираш податоците на еден друг сервер позади него, дај да видам линковите случајно да не шетаат до Водно доле, тоа инспекторот треба да го направи, а не да дојде кај давателот на услуга да му рече дај ми ја електронската опрема, дај ми ги

договорите што си ги напавил денеска, ама вие сте го напишале овде точно оти давателот на услуга се знае што е, ама грешна ви е дефиницијата.

Затоа заменик министре, или се обраќам на парламентарното мнозинство, ова може да го прифатиме без да се секирате затоа што истиот член стои во Законот за електронски комуникации. Тој е донесен во февруари 2005 година, истиот член стои во тој закон, инспекторите што ќе се грижат за спроведувањето на инфраструктурата некој да не прави дубари по пат, ќе го направи по тој закон. Не може овде да им улетувате во фирмите затоа што во Законот за електронска трговија, а практично му давате надлежност на инспекторатот што апсолутно ја нема или на инспекторите од Агенцијата за електронски комуникации.

Мислам дека е добро за крај да го усвоиме амандманот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање би ги замолил службите да ми достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 63 пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 59 пратеници, од нив 22 гласаа за, 2 воздржано, против 35.

Констатирам дека Амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор. . .

Се пријави (галама во салата) ве молам колеги, се пријави господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Ќе биде многу кратко, во интерес на времето и на трпениeто на колегите.

Прво, сметам дека е добро што го носиме овој закон заради тоа што отвора нови можности.

Второ, мислам дека законот треба да се усвои и

Трето, мислам дека во натамошниот период Министерството за економија во соработка со Централниот регистер, во соработка со деловите од Владата кои се задолжени за информатичко општество треба многу посериозно да поработат на голем дел од забелешките кои беа спомнати денеска овде и во најбрз можен рок да ја видиме примената на законот и доколку утврдиме аномалии повторно да го разгледуваме тука. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор. . . .

Колеги, ве молам, пријавете се, се пријавувате, се откажувате, јас не знам што да правам Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Сметам дека неколку амандмани кои беа одбиени особено два од господинот Јани Макрадули вклучувајќи го и овој последниот, сметам дека Владата или предлагачот требаше да има разбирање и се приклучувам на мислењето на господинот Александар Николовски дека овој закон сепак ќе мора да претрпи некои измени и би било добро што поскоро тоа да се направи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Бидејќи дефинитивно нема повеќе пријавени, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 62 пратеници, од нив 52 гласаа за, 8 воздржани, против 2.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за електронска трговија.

**Минуваме на точката 6. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани пратеници,

На денешната седница на Собранието на Република Македонија е Предлог за донесувње на закон за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија, со Предлог на закон.

Со донесувањето на законот за државна ревизија во 1997 година, се воспостави систем кој е компатибилен со системот за државна ревизија во развиените земји. Со цел за прибирање на докази во врска со точноста, испрвноста, економичноста, ефикасноста, ефективноста на државните финансиски трансакции и откривање на било какви недостатоци во трошењето на буџетските средства, како и сите други средства што имаат карактер на државни средства кои се обезбедуваат од јавните приходи што ги уплатуваат правните и физички лица.

Со Предлогот на законот се врши изменување и дополнување на законската регулатива во функција на формирање на ревизорско тело како дел од децентрализираниот систем за

управување со средствата на Европската унија за вршење на ревизија на инструментот за предпристапна помош ИПА фондови.

Во Предлогот на законот се содржани одредби кои обезбедуваат ефективно и ефикасно извршување на функциите на ревизорското тело, како и усогласување со регулативите на Советот на Европа, тоа е регулативата број 1085 од 2006 година, поточно ое 17 јуни 2006 година и критериумите на Европската унија.

Ревизорското тело е независно од организационите облици на Државниот завод за ревизија, но соработката на ова тело со Државниот завод за ревизија ќе се остварува согласно Меморандум за разбирање и соработка помеѓу Државниот завод за ревизија и ревизорското тело кое е во целост независно.

Со ревизорското тело за вршење на ревизијата на инструментот за претпристапка помош ИПА фондови ќе раководи раководител кој е потписник на годишниот ревизорски извештај, годишното мислење и мислењето за конечниот извештај за трошоците за целокупното и делумното завршување на програмите.

Раководителот на ревизорското тело го именува и разрешува Владата на Република Македонија по претходна согласност или по Предлог на главиот државен ревизор.

Работите на ревизија на ревизорското тело за вршење на ревизијата на инструментот за претпристапна помош ИПА фондови се предвидува да ги вршат повластени државни ревизори и државни ревизори вработени во Државниот завод за ревизија.

Со предложениот закон исто така се предвидува средствата за финансирање на ревизорското тело за вршење на ревизија на ИПА фондовите да се обезбедува од буџетот на Државниот завод за ревизија, тоа ќе биде посебна програма под назив ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија. За оваа година се обезбедени пари и за наредната година исто така во Буџетот ќе бидат обезбедени пари.

Со Предлог на законот се предвидува Собранието на Република Македонија посебно да го гласа делот ставка од разделот на Државниот завод за ревизија која е наменета за ревизорското тело во Буџетот на Република Македонија.

На крајот со овие измени се врши усогласување со Законот за прекршоци. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Дами и господа пратеници, бидејќи е речиси 17,00 часот, а според договореното, се договоривме да работиме до 17,00 часот, затоа тука ја прекинувам денешната седница.

Со денешната 76-та седница продолжуваме во понеделник во 11,00 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,53 часот)